# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА

Службен гласник на Општина Кисела Вода
Излегува по потреба
Рок на рекламации 15 дена
www.kiselavoda.gov.mk

3 Февруари 2022
Скопје
Број 2, година XVII
contact@kiselavoda.gov.mk

**Скопје, Февруари, 2022 година**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија "бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Одлука за методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за основните училишта на територија на Општина Кисела Вода за 2022 година**

1. Со ова Решение се објавува Одлуката за методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за основните училишта на територија на Општина Кисела Вода за 2022 година, донесена на Шестата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 28 јануари 2022 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-1208/1
03.02.2022 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 62, став 1 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.05/02), член 8, став 2, алинеа 4 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ( Сл. весник на Р.М. бр. 96/2004, 67/2007, 156/2009, 47/2011 и 192/15), член 160, став 3 од Законот за основно образование („Сл.Весник на Р.С.М." бр.161/19, 229/20), Уредбата за Методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотации за основно образование по општини за 2022 година ( Сл.Весник бр. 182/21) и член 34 точка 42 од Статутот на Општина Кисела Вода (Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/2020), Советот на Општина Кисела Вода на Шестата пленарна седница одржана на 28 јануари 2022 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за основните училишта на територија на Општина Кисела Вода за 2022 година**

Член 1

Со оваа Одлука се пропишува методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за основните училишта на територија на Општина Кисела Вода.

Член 2

Согласно Буџетот на Општина Кисела Вода за 2022 година, во Програмата Н1 и Подпрограма Н10 – основно образование, се врши финансирање на сите 8 ( осум ) основни училишта на територија на Општина Кисела Вода.

Член 3

Средствата утврдени во член 2 од оваа одлука наменски се распределуваат на секое основно училиште врз основа на податоците доставени од страна на општинските основни училишта и нивните годишни финансиски планови.

Член 4

Критериуми за распределба на блок дотацијата по основните училишта се:

- Вкупно добиената сума на блок дотацијата за 2022 година од Министерството за образование и наука,
- Бројот на ученици - вкупно на ниво на општина, односно по основно училиште и
- Големина - површина на училиштето.

Бруто платите, бидејќи се пресметани и дадени како задолжителна обврска по број на вработени, се минусираат од методологијата за распределба.

Член 5

Распределбата се врши само на средства од блок дотацијата кои служат за покривање на сите материјални трошоци според следната формула:

НД = [( м2 x 0,1 ) + ( бр.уч. x 4 )] : [( вк.м2 x 0,1 ) + ( вк.бр.уч. x 4 )], каде

НД – наменски дел за покривање на материјални трошоци за 2022 година
( 261.695.000,00 – 233.092.090,00 денари ), од кои

- 261.695.000,00 е вредноста на вкупната блок дотација за 2022 година за основно образование
- 233.092.090,00 е вкупниот износ за бруто плати за сите вработени во ООУ и
- 28.602.910,00 е разликата што останува за распределување за материјални трошоци.

Км2 – коефоциент за површина = 0,1
Куч. – коефициент за број на ученици = 4

Табела по формула
РАСПРЕДЕЛБА НА НАМЕНСКИОТ ДЕЛ ОД БЛОК ДОТАЦИЈАТА ( БЕЗ БРУТО ПЛАТИ )

Наменскиот дел за 2022 година изнесува 28.602.910,00 денари
Коефициент за површина = 0,1
Коефициент за број на ученици = 4

| Ред. бр | Основно училиште | Вкупно површина | Вкупен број на ученици | Вкупен коефициент | Процент | Вкупно МКД |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | " Кузман Јосифовски Питу" | 4 078m2 | 635 | 2,947.8 | 12.10% | 3.460.952.11 |
| 2. | "Партенија Зографски" | 3997m2 | 519 | 2,475.7 | 10.16% | 2.906.055.65 |
| 3. | "Невена Георгиева Дуња" | 2920 m2 | 611 | 2,736 | 11.23% | 3.212.106.79 |
| 4. | "Кирил Пејчиновиќ" | 5283m2 | 972 | 4,416.3 | 18.14% | 5.188.567.87 |
| 5. | "Круме Кепески" | 3 437m2 | 711 | 3,187.7 | 13.09% | 3.744.120.91 |
| 6. | "Рајко Жинзифов" | 3353 m2 | 775 | 3,435.3 | 14.11% | 4.035.870.60 |
| 7. | "Кузман Шапкарев" | 5237 m2 | 671 | 3,207.7 | 13.17% | 3.767.003.24 |
| 8. | "Св.Климент Охридски" | 2651m2 | 418 | 1.937.1 | 8% | 2.288.232.8 |
| | **Вкупно** | **30 956 m2** | **5312** | | 100% | **28.602.910** |

Член 6

Средствата за блок дотација се насочуваат до основните училишта, преку Секторот за финансиски прашања за бруто плати и за материјални трошоци месечно, односно како што се трансферираат средствата од Министерството за образование и наука до општината.

Член 7

Согласно наведените критериуми се врши распределба на блок дотацијата по основни училишта за 2022 година, пресметана во табела со податоци во апсолутен износ и проценти, која е составен дел на оваа Одлука.

По исклучок може да се направи корекција во износот и процентот на блок дотацијата, односно зголемување / намалување на блок дотацијата на едно основно училиште за сметка на друго основно училиште, а особено за потребите за превоз на ученици од општинските основни училишта.

Член 8

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 09-656/3
28 јануари 2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија "бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Заклучок за усвојување на Годишен извештај за работењето на Комисијата за имплементација на мерките за обезбедување, субвенционирање и поддршка во подобрувањето на енергетската ефикасност во колективните станбени згради за тековната 2021 година**

1. Со ова Решение се објавува Заклучокот за усвојување на Годишен извештај за работењето на Комисијата за имплементација на мерките за обезбедување, субвенционирање и поддршка во подобрувањето на енергетската ефикасност во колективните станбени згради за тековната 2021 година, донесен на Шестата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 28 јануари 2022 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-1208/2
03.02.2022 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 34, став 1, точка 41 и член 112 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 01/2020), расправајќи по Годишниот извештај за работењето на Комисијата за имплементација на мерките за обезбедување, субвенционирање и поддршка во подобрувањето на енергетската ефикасност во колективните станбени згради за тековната 2021 година, Советот на Општина Кисела Вода на Шестата пленарна седница одржана на 28 јануари 2022 година, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Годишен извештај за работењето на Комисијата за имплементација на мерките за обезбедување, субвенционирање и поддршка во подобрувањето на енергетската ефикасност во колективните станбени згради за тековната 2021 година**

1. Се усвојува Годишниот извештај за работењето на Комисијата за имплементација на мерките за обезбедување, субвенционирање и поддршка во подобрувањето на енергетската ефикасност во колективните станбени згради за тековната 2021 година.

2. Заклучокот да се достави до Комисијата за имплементација на мерките за обезбедување, субвенционирање и поддршка во подобрувањето на енергетската ефикасност во колективните станбени згради и Градоначалникот на Општина Кисела Вода.

3. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 09-656/4
28 јануари 2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Заклучок за давање согласност на Измените на Годишниот план за вработување за 2022 година на Општина Кисела Вода**

1. Со ова Решение се објавува Заклучокот за давање согласност на Измените на Годишниот план за вработување за 2022 година на Општина Кисела Вода, донесен на Шестата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 28 јануари 2022 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-1208/3
03.02.2022 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 34, став 1, точка 42 и член 112 од Статутот на Општина Кисела Вода („Сужбен гласник на Општина Кисела Вода" бр. 01/2020), расправајќи по Измените на Годишниот план за вработување за 2022 година на Општина Кисела Вода, Советот на Општина Кисела Вода на Шестата пленарна седница одржана на 28 јануари 2022 година, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**за давање согласност на измените на Годишниот план за вработување за 2022 година на Општина Кисела Вода**

1. Со овој Заклучок се дава согласност на Измените на Годишниот план за вработување за 2022 година на Општина Кисела Вода.

2. Заклучокот да се достави до Секторот за управување со човечки ресурси и информатичка технологија и Градоначалникот на Општина Кисела Вода.

3. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 09-656/5
28 јануари 2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија "бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Одлука за додаток на плата поради прилагодување кон пазарот на трудот за вработените во Општина Кисела Вода**

1. Со ова Решение се објавува Одлуката за додаток на плата поради прилагодување кон пазарот на трудот за вработените во Општина Кисела Вода, донесена на Шестата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 28 јануари 2022 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-1208/4
03.02.2022 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 105 и член 106 став 3 од Законот за работни односи (Службен весник на Република Македонија бр.62/2015; 106/208; 161/2008; 114/2009;130/2009; 50/2010; 52/2010; 124/2010; 47/2011; 11/2012; 39/2012; 13/2013; 25/2013; 170/2013; 187/2013; 113/2014; 20/2015; 33/2015; 72/2015; 129/2015; 27/2016; 120/18, 110/19, 267/20,151.21 и 288/21), член 91 од Закон за административни службеници ("Службен Весник на РМ„ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18, 275/19 и 14/20) и член 31 од Колективниот договор на вработените во Општина Кисела Вода број 08-604/1 од 20.01.2022 година, Советот на Општина Кисела Вода на Шестата пленарна седница одржана на 28 јануари 2022 година, донесе

## О Д Л У К А
## за додаток на плата поради прилагодување кон пазарот на трудот за вработените во Општина Кисела Вода

**Член 1**

Со оваа одлука се врши прилагодување на платата на вработените во Општина Кисела Вода кон пазарот на трудот со зголемување- додаток во висината од 10% на месечната плата.

Усогласувањето од став 1 на овој член се однесува за работните места:

- Градежен Извршител-работник на терен
- Комунален редар-работник на терен
- Архивар-архивски работник на едношалтерски систем на ОКВ

**Член 2**

Врз основа на оваа Одлука Секторот за управување со човечки ресурси и ИТ да изготвува решение за додаток на плата во висина од 10% а Секторот за финансиски прашања ќе ја врши пресметката на платата за вработените од член 1 став 2 .

**Член 3**

Оваа одлука стапува на сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Кисела Вода".

Број 09-656/6
28 јануари 2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија "бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Одлука за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Кисела Вода за 2022 година бр.09-10907/31 од 30.12.2021 година**

1. Со ова Решение се објавува Одлуката за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Кисела Вода за 2022 година бр.09-10907/31 од 30.12.2021 година, донесена на Шестата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 28 јануари 2022 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-1208/5<br>03.02.2022 година<br>Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК<br>на Општина Кисела Вода<br>Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 61/04, 96/04; 67/07; 156/09; 47/11, 192/15 и 209/18 и Служен весник на РСМ бр.244/19), член 31 од Законот за буџетите (Службен весник на РМ бр.64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16), и член 93 став од 2 од Законот за административни службеници (Службен весник на РМ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 80/16, 127/16, 142/16, 2/17, 16/17, и 11/18 и Службен весник на РСМ бр.275/19 и 14/20), Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија објавени во (Сл.весник на РСМ бр.287/2021) и член 34 од Статутот на Општина Кисела Вода (Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.01/20), член 34 од Колективниот договор на вработените во Општина Кисела Вода бр.08-604/1 од 20.01.2022 година, Советот на Општина Кисела Вода на Шестата пленарна седница одржана 28 јаниари 2022 година, донесе

## О Д Л У К А

### за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Кисела Вода за 2022 година бр.09-10907/31 од 30.12.2021 година

**Член 1**

Во членот 16, став 1 и став 2 се менуваат и гласат:

"Во случај на смрт на вработен во општината или во локалната јавна установа, на неговото семејство му припаѓа парична помош во износ од двократен износ на просечната месечна нето-плата по работник во Републиката објавена до денот на исплатата„

"Во случај на смрт на член на потесното семејство (родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посиноци, посвоени деца и деца земени на издржување), на вработениот во општината или во локалната јавна установа му припаѓа парична помош во износ на една просечна месечна нето-плата по работник во Републиката објавена до денот на исплатата„.

Останатиот текст во членот 16 останува непроменет.

**Член 2**

Останатите членови од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Кисела Вода за 2022 година бр. 09-10907/31 од 30.12.2021 останувааат непроменети.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Кисела Вода".

Број 09-656/7 ПРЕТСЕДАТЕЛ
28 јануари 2022 година на Советот на Општина Кисела Вода
Скопје Иван Живковски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија "бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Одлука за одобрување средства како еднократна парична помош на Снежана Јовевска**

1. Со ова Решение се објавува Одлуката за одобрување средства како еднократна парична помош на Снежана Јовевска, донесена на Шестата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 28 јануари 2022 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-1208/6
03.02.2022 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ„ бр.5/02), и член 34, став 1, точка 42 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода„ бр.1/2020), расправајќи по барањето на Снежана Јовевска бр.09-10889/1 од 23.12.2021 година, Советот на Општина Кисела Вода на Шестата пленарна седница одржана на 28 јануари 2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување средства како еднократна парична помош на Снежана Јовевска**

Член 1

Се прифаќа Барањето бр.09-10889/1 од 23.12.2021 година на Снежана Јовевска, со живеалиште на ул.„Китка" бр.27, Драчево, Скопје за доделување на еднократна парична помош. Се доделуваат парични средства во износ од 30.000 денари од Буџетот на Општина Кисела Вода.

Член 2

За исплата на финансиските средства од член 1 на оваа Одлука, Решение ќе донесе Градоначалникот на Општина Кисела Вода.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 09-656/8
28 јануари 2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Одлука за одобрување средства како еднократна парична помош на Марија Коцева - Стојчески**

1. Со ова Решение се објавува Одлуката за одобрување средства како еднократна парична помош на Марија Коцева - Стојчески, донесена на Шестата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 28 јануари 2022 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-1208/7 ГРАДОНАЧАЛНИК
03.02.2022 година на Општина Кисела Вода
Скопје Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ„ бр.5/02), и член 34, став 1, точка 42 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода„ бр.1/2020), расправајќи по барањето на Марија Коцева - Стојчески бр.09-293/1 од 11.01.2022 година, Советот на Општина Кисела Вода на Шестата пленарна седница одржана на 28 јануари 2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување средства како еднократна парична помош на Марија Коцева – Стојчески**

Член 1

Се прифаќа Барањето бр. 09-293/1 од 11.01.2022 година на Марија Коцева - Стојчески, со живеалиште на ул.„Јабланица" бр.87А, Скопје за доделување на еднократна парична помош. Се доделуваат парични средства во износ од 30.000 денари од Буџетот на Општина Кисела Вода.

Член 2

За исплата на финансиските средства од член 1 на оваа Одлука, Решение ќе донесе Градоначалникот на Општина Кисела Вода.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 09-656/9
28 јануари 2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Одлука за одобрување средства како еднократна парична помош на Љупчо Андреевски**

1. Со ова Решение се објавува Одлуката за одобрување средства како еднократна парична помош на Љупчо Андреевски, донесена на Шестата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 28 јануари 2022 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-1208/8
03.02.2022 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ„ бр.5/02), и член 34, став 1, точка 42 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода„ бр.1/2020), расправајќи по барањето на Љупчо Андреевски бр.09-11110/1 од 29.12.2021 година, Советот на Општина Кисела Вода на Шестата пленарна седница одржана на 28 јануари 2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување средства како еднократна парична помош на Љупчо Андреевски**

Член 1

Се прифаќа Барањето бр.09-11110/1 од 29.12.2021 година на Љупчо Андреевски, со живеалиште на ул.„4" бр.41 с.Усје, Скопје за доделување на еднократна парична помош. Се доделуваат парични средства во износ од 30.000 денари од Буџетот на Општина Кисела Вода.

Член 2

За исплата на финансиските средства од член 1 на оваа Одлука, Решение ќе донесе Градоначалникот на Општина Кисела Вода.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 09-656/10
28 јануари 2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Правилник за критериумите, постапката и износот на средства за доделување на еднократна парична помош**

1. Со ова Решение се објавува Правилникот за критериумите, постапката и износот на средства за доделување на еднократна парична помош, донесен на Шестата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 28 јануари 2022 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-1208/9
03.02.2022 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002), а во врска со член 34, став 1, точка 41 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр. 01/2020), и член 11 од Законот за социјалната заштита ("Службен весник на РМ" бр. 104/2019; 146/2019; 275/2019; 89/2020; 302/2020; 311/2020 и 163/2021), Советот на Општина Кисела Вода на Шестата пленарна седница одржана на 28 јануари 2022 година, донесе

**ПРАВИЛНИК**
**за критериумите, постапката и износот на средства**
**за доделување на еднократна парична помош**

**Член 1**

Со овој Правилник се пропишува начинот, постапката, критериумите и износот на средства за доделување на еднократна парична помош од страна на Општина Кисела Вода, како и потребната документација за остварување на ова право.

**Член 2**

Носители на правото на еднократна парична помош од страна на општината Кисела Вода можат да бидат физички лица – жители на општината Кисела Вода, а средствата се неопходни за:

- Лекување во државата или во странство (за посериозни болести и дијагнози кои не се целосно покриени од Фондот за здравствено осигурување);

- За набавка на медицински помагала (инвалидска количка и сл.), за набавка на скапа терапија (која не се рефундира од Фондот за здравствено осигурување) и за постоперативен третман;

- За ублажување на штети од елементарни непогоди во станбените објекти за живеење од позначителен обем (пожар, поплава, земјотрес и сл.);

- Изведување на посериозни спортски експедиции и потфати и учество на меѓународни спортски или културни настани од интерес на општината и државата, а кои имаат особено државно или меѓународно значење.

**Член 3**

Барањето за доделување на еднократна парична помош се поднесува до Градоначалникот или до Советот на Општина Кисела Вода.

Кон барањето, барателот на еднократна парична помош приложува:

- Фотокопија од важечка лична карта или пасош (или извод од матична книга на родените, доколку се работи за малолетно лице);
- Фотокопија од Трансакциска сметка;
- Потврда од Агенцијата за вработување за невработеност (доколку се работи за сосотојба од социјален ризик поради невработеност); и

1. Соодветна медицинска документација – извештај од специјалист (конзилијарно мислење од соодветна здравствена установа) или извештај за лекувањето во странска медицинска установа, како и решение од Фондот за здравствено осигурување за утврдената партиципација - (за основот утврден во член 2, став 1, алинеја 1);

2. Медицинска документација – извештај од специјалист или отпусно писмо не постаро од 3 месеци со кои ќе ја потврдат потребата од набавка на медицинско помагало, набавка на скапа терапија или постоперативно лекување (за основот утврден во член 2, став 1, алинеја 2);

3. Записник од надлежен орган за претрпена природна непогода од позначителен обем, во стенбениот објект за живеење и доказ за потврда на сопственоста;

4. План и Програма за изведување на спортскиот потфат или културниот настан, трошковник за спортските активности и потврда за членство во спортски клуб или друштво кое има Решение за вршење дејност спорт издадено од Агенцијата за млади и спорт (за основот утврден во член 2, став 1, алинеја 4).

**Член 4**

Разгледувањето на барањата за остварување на правото на еднократна парична помош ги врши Комисијата за доделување на еднократна парична помош, формирана со Одлука на Советот на општината, во понатомошниот текст („Комисија“).

Комисијата е составена од 7 (седум) члена, од редот на членовите на Советот според пропорционалната застапеност на политичките партии во него, односно 4 (четири) члена од советничката група која има мнозинство во Советот, а останатите 3 (три) члена од другите советнички групи.

Комисијата од ставот 1 на овој член ја утврдува целовитоста и оправданоста на поднесените барања и уредните барања со писмен Извештај ги доставува до Советот на општина Кисела Вода, кој потоа одлучува на седница на совет.

Комисијата писмено ги известува барателите кои поднеле некомплетни, односно барања кои не ги исполнуваат критериумите од овој Правилник.

На барателите на кои ќе им биде одобрена финансиска помош од страна на Советот на општината, за истото ќе бидат известени по писмен пат, од страна на претседателот на Советот на општина Кисела Вода.

Комисијата за доделување на еднократна парична помош се формира најдоцна во рок од 8 дена од денот на донесувањето на овој Правилник и има мандат до формирањето на нова Комисија.

**Член 5**

Комисијата се состанува по потреба, а најмалку еднаш во два месеци, ги разгледува пристигнатите барања за еднократна парична помош доставени до Советот на опшитната, при што одлучува врз основа на утврдените критериуми од член 2 на овој Правилник.

Комисијата во постапката на разгледување и оценувањето на приложената документација, има право да побара дополнителни документи или увид во оригинална документација која е доставена во фотокопија.

Барањата поднесени од физички лица кои веќе еднаш добиле финансиски средства по некој од основите во членот 2 од овој Правилник во тековната календарска година, нема да се разгледуваат

Комисијата за својата работа изготвува извештај и истиот во писмена форма го доставува до Советот на Општина Кисела Вода, најдоцна во рок од 8 дена од денот на одржувањето на седницата на Комисијата.

**Член 6**

Средствата ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Кисела Вода, односно од ставките предвидени за исплата на средства за еднократна парична помош на Градоначалникот и на Советот на Општината.

Градоначалникот на Општина Кисела Вода по барањето за еднократна парична помош доставено до Градоначалникот, самостојно одлучува и за истото донесува Решение за исплата на еднократна парична помош, во нето износ до 50.000,00 денари.

**Член 7**

За износот на одобрените средствата за еднократна парична помош одлучува Советот на Општина Кисела Вода, на начин што:

- за основот утврден во член 2, став 1, алинеја 1, износ на средства **до 30.000 денари;**
- за основот утврден во член 2, став 1, алинеја 2, износ на средства **до 30.000 денари;**
- за основот утврден во член 2, став 1, алинеја 3, износ на средства **до 30.000 денари;**
- за основот утврден во член 2, став 1, алинеја 4, износ на средства **до 20.000 денари.**

Во исклучителни околности, Советот на Општина Кисела Вода може да донесе одлука за доделување на еднократна парична помош во износи поголеми од утврдените во член 7, став 1, алинеи 1, 2 , 3 и 4.

**Член 7**

Со денот на влегување во сила на овој Правилник престануваат да важат Правилникот за критериумите, постапката и износот за доделување на еднократна парична помош бр. 07-5085/5 од 25 јуни 2009 година и Правилникот за измени и дополнување на Правилникот за критериумите, постапката и износот за доделување на еднократна парична помош бр. 07-247/11 од 24 декември 2014 година.

**Член 8**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода".

Број 09-656/11
28 јануари 2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Одлука за именување членови на повремена Комисијата за доделување на еднократна парична помош**

1. Со ова Решение се објавува Одлуката за именување членови на повремена Комисијата за доделување на еднократна парична помош, донесена на Шестата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 28 јануари 2022 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-1208/10
03.02.2022 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 36, став 4 од Статутот на Општина Кисела ("Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр. 01/2020), врз основа на член 4 од Правилник за критериумите, постапката и износот на средства за доделување на еднократна парична помош, Советот на општина Кисела Вода на шестата пленарна седница одржана на 28 јануари 2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за именување членови на повремена Комисијата за доделување на еднократна парична помош**

**Член 1**

За претседател на повремената Комисија за доделување на еднократна парична помош на Советот на Општина Кисела Вода се именува:

за претседател: 1.Николче Николовски,
за членови: 2.Лидија Малинковска
3.Игор Трпевски
4.Тања Анчевска
5.Емилија Трајковска
6.Елизабета Стефковска
7.Златица Жантевска-Пејиќ

**Член 2**

Мандатот на Комисијата за доделување на еднократна парична помош трае 4 година.

**Член 3**

Комисијата од ставот 1 на оваа Одлука ја утврдува целовитоста и оправданоста на поднесените барања и уредните барања со писмен Извештај ги доставува до Советот на општина Кисела Вода, кој потоа одлучува на седница на совет.

Комисијата писмено ги известува барателите кои поднеле некомплетни, односно барања кои не ги исполнуваат критериумите од Правилникот за критериумите, постапката и износот на средства за доделување на еднократна парична помош.

На барателите на кои ќе им биде одобрена финансиска помош од страна на Советот на општината, за истото ќе бидат известени по писмен пат, од страна на претседателот на Советот на општина Кисела Вода.

Комисијата ќе работи врз основа на Правилникот за критериумите, постапката и износот на средства за доделување на еднократна парична помош, донесен од Советот на Општина Кисела Вода.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода".

Број 09-656/12
28 јануари 2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Одлука за доделување на еднократна парична помош на семејства со новороденчиња на подрачје на Општина Кисела Вода**

1. Со ова Решение се објавува Одлуката за доделување на еднократна парична помош на семејства со новороденчиња на подрачје на Општина Кисела Вода, донесена на Шестата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 28 јануари 2022 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-1208/11
03.02.2022 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 22, точка 7 и член 62, точка 1 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Р.М. бр. 5/02), член 34, точка 8 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.01/20), Советот на Општина Кисела Вода на Шестата пленарна седница одржана на 28 јануари 2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за доделување на еднократна парична помош на семејства со новороденчиња на подрачје на Општина Кисела Вода**

Член 1
Со оваа одлука се утврдува доделување на еднократна парична помош на семејства со новороденче кои се со живеалиште на подрачје на Општина Кисела Вода.
Член 2
На секое семејство со новороденче од 01-01-2022 год. до 31-12-2022 год. и семејство со прво посвоено дете, со живеалиште на подрачје на Општина Кисела Вода, ќе му биде доделена еднократна парична помош, во износ од 6.000,00 денари.
За посвоено дете ќе се смета и првото посвоено дете, како и кога ќе се посвојат повеќе деца одеднаш (близнаци, тројка и повеќе) при првото посвојување, на возраст на детето/цата до една година доколку мајката нема прво новородено дете.

Член 3

Еднократната парична помош ќе се доделува врз основа на поднесено барање до Општина Кисела Вода од страна на семејството, со уредно приложена документација на увид која ќе го потврди раѓањето на новиот член во семејството и територијалната припадност (живеалиште) на подрачје на Општина Кисела Вода, а за посвеното дете/ца и примерок од решението за посвојување.
Територијалната припадност (живеалиштето) на подрачје на Општина Кисела Вода, ќе се потврди со приложување на увид важечка лична карта или друга исправа за лична идентификација барем од еден родител, со исклучок на новороденче на самохран родител.
За самохран родител на дете се смета родител на:

- дете кое го издржува, ако другиот родител е починат,
- дете од разведен брак, ако родителот кај кого детето живее не живее во брачна, односно вонбрачна заедница,
- дете на кое едниот родител е непознат и
- дете на кое едниот родител се води за исчезнат.

Својството на самохран родител се докажува на следниот начин:

- доколку едниот родител е починат, со препис на извод од матична книга на умрените;
- за разведен брак со правосилна судска пресуда,
- доказ дека родителот не е во брачна заедница со препис на извод од матична книга на родени не постар од шест месеци, или дека родителот не е во вонбрачна заедница со изјава дека не е во вонбрачна заедница,
- доказ од надлежен суд дека едниот родител се води за исчезнат,
- а за родител кој се води за непознат препис на извод од матична книга на родените на детето.

Барателите, потребно е да приложат фотокопија од трансакциска сметка.
Доставената документација, по основ на поднесеното барање ќе се чува од страна на Општина Кисела Вода.
Рокот за поднесување на потребната документација е 90 дена од денот на раѓањето на новороденчето, а за посвоеното дете најдоцна до 90 дена од заведувањето на посвоеното дете во книгата на родените

Член 4

Средствата за оваа намена ќе се издвојуваат од Буџетот на Општина Кисела Вода за 2022 година, од подпрограмата Д1 – Месна самоуправа, потставка 464990 - Други трансфери.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода".

Број 09-656/13
28 јануари 2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија "бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Одлука за давање Одобрение за користење на зборовите "Кисела Вода" во назив на здружение на граѓани**

1. Со ова Решение се објавува Одлука за давање Одобрение за користење на зборовите "Кисела Вода" во назив на здружение на граѓани, донесена на Шестата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 28 јануари 2022 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-1208/12
03.02.2022 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), член 9, став 2 од Законот за здруженија и фондации (Сл. Весник на РМ бр. 52/2010, 135/2011 и 55/2016) и член 34, став 1, точка 41 од Статутот на општина Кисела Вода (Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.01/20), Советот на Општина Кисела Вода на Шестата пленарна седница одржана на 28 јануари 2022 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за давање Одобрение за користење на зборовите "Кисела Вода" во назив на здружение на граѓани**

Член 1

Советот на Општина Кисела Вода дава Одобрение името на општината, односно зборовите "Кисела Вода" да бидат искористени како дел од називот на здружението на граѓани "Здружение БОКС КЛУБ КИСЕЛА ВОДА ЈУНИОР Скопје''.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Кисела Вода".

Број 09-656/14
28 јануари 2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија "бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**

**за објава на Заклучок за констатирање на престанок на мандат на член на Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиско работење – Зорица Огненовска на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски сали и спортски објекти ,,Кисела Вода КВ,, Скопје**

1. Со ова Решение се објавува Заклучокот за констатирање на престанок на мандат на член на Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиско работење – Зорица Огненовска на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски сали и спортски објекти ,,Кисела Вода КВ,, Скопје, донесен на Шестата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 28 јануари 2022 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-1208/13
03.02.2022 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 5 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), член 26 од Законот за јавните претпријатија ("Сл. Весник на РМ" бр. 38/96, 9/97, 6/02, 19/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16 и 64/18), член 14 од Одлуката бр. 09-6484/8 за основање на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски сали и спортски објекти "Кисела Вода КВ„ Скопје, како и член 34, став 1, точка 42 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Општина Кисела Вода„ бр.1/2020), Советот на Општина Кисела Вода на Шестата пленарна седница, одржана на 28 јануари 2022 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за констатирање на престанок на мандат на член на Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиско работење – Зорица Огненовска на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски сали и спортски објекти "Кисела Вода КВ„ Скопје**

1.Со овој Заклучот се констатира престанок на мандат на член на Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиско работење – Зорица Огненовска на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски сали и спортски објекти "Кисела Вода КВ„ Скопје.

2.Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Кисела Вода„.

Број 09-656/15
28 јануари 2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија "бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Одлука за критериумите, постапката и начин за доделување на огревно дрво на семјства од социјално ранливи категории**

1. Со ова Решение се објавува Одлуката за критериумите, постапката и начин за доделување на огревно дрво на семјства од социјално ранливи категории, донесена на Шестата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 28 јануари 2022 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-1208/14
03.02.2022 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 5/2002) член 11, став 1, алинеа 2 од Закон за социјалната заштита („Службен весник на РСМ" бр. 104/2019; 146/2019; 275/2019; 89/2020; 302/2020; 311/2020 и 163/2021) а во врска со член 34, став 1, точка 41 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр. 01/2020), Советот на Општина Кисела Вода, на Шестата пленарна седница одржана на 28 јануари 2022 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за критериумите, постапката и начин**
**за доделување на огревно дрво на семјства од социјално ранливи категории**

Член 1

Со оваа Одлука се утврдуваат критериумите, постапката и начин за доделување до 2 $м^3$ огревно дрво на семејства од социјално ранливи категории (приматели на постојана парична помош, корисници на социјална парична помош и самохрани родители) од страна на Општина Кисела Вода, и тоа за семејства од членови жители на Општина Кисела Вода на кои им е потребен овој вид на помош.

Член 2

Средствата за огревното дрво кое ќе биде распределено на семејства од социјално ранливи категории од член 1 на оваа Одлука ќе бидат набавени од Општина Кисела Вода според моменталните потреби за што се предвидени средства вкупно во висина од 1.000.000,оо денари во Буџетот на Општина Кисела Вода за 2022 година, Програма Д-10- Месна самоуправа, ставка 421220 – дрва.

Член 3

Огревното дрво ќе се доделува врз основа на поднесено барање до Општина Кисела Вода од страна на семејства од социјално ранливи категории од член 1 на оваа Одлука, со уредно приложена документација на увид.

Критериуми за доделување на огревно дрво на семјствата од социјално ранливи категории од член 1 на оваа Одлука се:

- сите лица од семејсвото да се жители на Општина Кисела Вода, кој факт ќе се потврди со приложување на увид на важечка лична карта или друга исправа за лична идентификација од носителот на постојана парична помош, корисник на социјална парична помош или самохран родител на малолетно лице, со што ќе се потврди територијалната припадност (живеалиште) на подрачје на Општина Кисела Вода,
- во прилог кон барањето носителот на постојана парична помош, корисник на социјална парична помош потребно е да достави во фотокопија примерок од важечко решение за остварување на постојана парична помош или за остарување на социјална парична помош,
- својството на самохран родител на малолетно лице се докажува на следниот начин:

- доколку едниот родител е починат, со препис на извод од матична книга на умрените;
- за разведен брак со правосилна судска пресуда,
- доказ дека родителот не е во брачна заедница со препис на извод од матична книга на родени не постар од шест месеци, или дека родителот не е во вонбрачна заедница со изјава дека не е во вонбрачна заедница,
- доказ од надлежен суд дека едниот родител се води за исчезнат,
- а за родител кој се води за непознат препис на извод од матична книга на родените на детето.

Барателите, потребно е да приложат фотокопија од трансакциска сметка.

Доставената документација, по основ на поднесеното барање ќе се чува од страна на Општина Кисела Вода.

Рокот за поднесување на барањето со потребната документација е 5 работни дена по објавувањето на Оглас во печатен медиум.

Дополнителен критериум на доделување на огревното дрво за барателите кои ги исполниле погоренаведените критериуми е „прв дојден – прв услужен“.

Член 4

Градоначалникот ќе донесе решенија за доделување на огревно дрво на барателите кои ги исполниле погоренаведените критериуми врз основа на писмено мислење од Комисијата која ќе ја формира за оваа намена, составена од вработени во општинската администрација и од членови на Советот на Општина Кисела Вода.

Комисијата во постапката на разгледување и оценувањето на приложената документација, има право да побара дополнителни документи или увид во оригинална документација која е доставена во фотокопија.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Кисела Вода“.

Број 09-656/16<br>28 јануари 2022 година<br>Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ<br>на Советот на Општина Кисела Вода<br>Иван Живковски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија "бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Одлука за давање на користење, одржување и управување на објектот во нас. Драчево КО Драчево 1 на КП 8238 во општина Кисела Вода на Јавната детска градинка "8-ми Март" на општина Кисела Вода во град Скопје**

1. Со ова Решение се објавува Одлуката за давање на користење, одржување и управување на објектот во нас. Драчево КО Драчево 1 на КП 8238 во општина Кисела Вода на Јавната детска градинка "8-ми Март" на општина Кисела Вода во град Скопје, донесена на Шестата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 28 јануари 2022 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-1208/15
03.02.2022 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 10 од Законот за локална самоуправа ("Сл. Весник на РМ" бр. 05/02), како и член 34, став 1, точка 24 од Статутот на општина Кисела Вода („Службен гласник на Општина Кисела Вода", бр. 01/2020), Советот на општина Кисела Вода на Шестата пленарна седница одржана на 28 јануари 2022 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за давање на користење, одржување и управување на објектот во нас. Драчево КО Драчево 1 на КП 8238 во општина Кисела Вода на Јавната детска градинка "8-ми Март" на општина Кисела Вода во град Скопје**

**Член 1**

Со оваа одлука се уредува давањето на користење, одржување и управување на објектот во нас. Драчево КО Драчево 1 на КП 8238 во општина Кисела Вода на Јавната детска градинка "8ми Март" на општина Кисела Вода во град Скопје, кој се наоќа на ул.„ Пристапна улица 1 ", на која се пристапува од ул. „Славка Димкова" и ул. „ Бранко Заревски " видно од Геодетскиот елаборат за запишување промена во катастарот на недвижност на недвижности КО Драчево 1, изработен од Гео Премер КАТ ДООЕЛ Скопје, под дел.бр. 2103-219/3 од 30.08.2021, како и други прашања во врска со функционирањето на објектот.

**Член 2**

Објектот е новоизграден објект кој се наоѓа на ул. „ Пристапна улица 1 ", на која се пристапува од ул. „ Славка Димкова " и ул. „ Бранко Заревски ", во нас. Драчево, односно на КП 8238 КО Драчево 1, во општина Кисела Вода и е сопственост на општината Кисела Вода.

**Член 3**

Објектот кој се наоѓа на ул. „ Пристапна улица 1 ", на која се пристапува од ул. „ Славка Димкова " и ул. „ Бранко Заревски ", во нас. Драчево, односно на КП 8238 КО Драчево 1 во општина Кисела Вода ќе го користи, одржува и управува Јавната детска градинка "8-ми Март" на општина Кисела Вода во град Скопје.

Јавната детска градинка "8ми Март" на општина Кисела Вода во град Скопје е должна при користењето, одржувањето и управувањето со објектот да постапува согласно законските прописи.

За предавањето на објектот и опремата во истиот на Јавната детска градинка "8ми Март" на општина Кисела Вода во град Скопје ќе се состави записник.

**Член 4**

Јавната детска градинка "8-ми Март" на општина Кисела Вода во град Скопје не може објектот да го дава под закуп и на користење на друго физичко или правно лице и да го става под хипотека.

**Член 5**

Директорот на ЈДГ "8-ми Март" на општина Кисела Вода во град Скопје се обврзува да ги преземе сите потребни активности согласно законските прописи со цел отпочнување со работа на објектот во нас. Драчево, КО

Драчево 1 на КП 8238 во општина Кисела Вода за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Кисела Вода".

Број 09-656/17
28 јануари 2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија "бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**

**за објава на Одлука за отпочнување со работа и вршење на дејноста на новиот објект „Пеперутка 3" на локација на ул. „ Пристапна улица 1 " во нас. Драчево кој ќе функционира во состав на Јавната детска градинка "8-ми Март" на општина Кисела Вода во град Скопје**

1. Со ова Решение се објавува Одлуката за отпочнување со работа и вршење на дејноста на новиот објект „Пеперутка 3" на локација на ул. „ Пристапна улица 1 " во нас. Драчево кој ќе функционира во состав на Јавната детска градинка "8-ми Март" на општина Кисела Вода во град Скопје, донесена на Шестата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 28 јануари 2022 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-1208/16
03.02.2022 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 7 од Законот за локална самоуправа ("Сл. Весник на РМ" бр. 05/02), а во врска со член 102-а, став 3 од Законот за заштита на децата ("Сл. Весник на РМ" бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18, 104/19, 146/19, 275/19, 88/20, 311/20) и член 34, став 1, точка 41 од Статутот на општина Кисела Вода („Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр. 01/2020), Советот на општина Кисела Вода на Шестата пленарна седница одржана на 28 јануари, донесе

**ОДЛУКА**
**за отпочнување со работа и вршење на дејноста на новиот објект „ Пеперутка 3 " на локација на ул. „ Пристапна улица 1 " во нас. Драчево кој ќе функционира во состав на Јавната детска градинка "8-ми Март" на општина Кисела Вода во град Скопје**

**Член 1**

Одлуката се донесува за отпочнување со работа и за вршење на дејноста на објектот „ Пеперутка 3 " во нас. Драчево на ул. „ Пристапна улица 1", на која се пристапува од ул. „ Славка Димкова " и ул. „ Бранко Заревски " , КО Драчево 1 на КП 8238, општина Кисела Вода, кој ќе функционира во состав на Јавната детска градинка "8-ми Март" на општина Кисела Вода во град Скопје.

**Член 2**

Во објектот ќе се спроведува програма за рано учење и развој на деца од предучилишна возраст.

Според времетраењето програмата ќе се остварува во целодневен престој на деца.

Згрижувањето и воспитанието на децата ќе се реализира во 6 воспитни групи од 9 месеци до 6 години односно до вклучување во основното образование, со капацитет од 100 деца.

**Член 3**

Називот на објектот во нас. Драчево, КО Драчево 1, на КП 8238 во општина Кисела Вода кој ќе функционира во состав на Јавната детска градинка "8-ми Март" на општина Кисела Вода во град Скопје ќе гласи " Пеперутка 3 ".

**Член 4**

Дејноста на детската градинка е: згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст која се организира за згрижување, престој, нега, исхрана, воспитно – образовни, спортско – рекреативни, културно – забавни активности, мерки и активности за подобрување и зачувување на здравјето и за поттикнување на интелектуалниот, емоционалниот, физичкиот, менталниот и социјалниот развој на детето до 6 години живот, односно до вклучување во основното образование.

**Член 5**

За реализација на програмата за рано учење и развој ќе се обезбеди соодветен кадар согласно Правилникот за стандардите и нормативите за

вршење на дејноста на установите за деца ("Сл. Весник на РМ", бр. 28/14, 40/14, 136/14, 71/15, 170/16 и 151/18).

**Член 6**

Средствата за непречено и нормално функционирање, односно за вршење на дејноста на објектот ќе се обезбедат од буџетот на општина Кисела Вода, од Буџетот на РМ преку блок дотации, од надоместокот на корисниците на услугата, донации и други извори на финансирање согласно закон.

**Член 7**

Средствата за изградба и опремување на објектот во состав на установата за деца се обезбедени од страна на Министерството за труд и социјална политика, а средствата за почеток со работа на објектот се обезбедени од основачот општина Кисела Вода.

**Член 8**

Општина Кисела Вода како основач на ЈДГ "8-ми Март" ќе ги преземе сите потребни активности утврдени со законските и подзаконските акти, со цел добивање Решение од надлежното Министерство за отпочнување со работа на објектот.

**Член 9**

Директорот на ЈДГ "8-ми Март" општина Кисела Вода се обврзува да ги преземе сите потребни активности, согласно законските и подзаконските акти, со цел усогласување на актите на градинкита поради отпочнување со работа на новиот објект.

**Член 10**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Кисела Вода".

Број 09-656/18
28 јануари 2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.

Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода
Сектор за урбанизам и
просторно планирање

тел.: 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk

тел.: 02/2785-420
urbanizam-planiranje@kiselavoda.gov.mk

УП.бр.14-514 од 24.01.2022 год
СКОПЈЕ

Градоначалникот на Општина Кисела Вода, Скопје врз основа на член 57 став 1 точка 22 и член 106 став 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје" бр.8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр. 13/06), а во врска со со член 84 и член 86 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15 и бр.65/18) го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

### за објавување на јавна објава

Согласно член 84 и член 86 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 124 од 2015 год.), да се изврши јавна објава во дневен печат кој се дистрибуира на целата територија на Република Македонија, во текот на два последователни дена, односно во службеното гласило на Општина Кисела Вода, поради неможност за уредна достава на известувања до сите непосредни соседи - сопственици на катастарски парцели кои граничат со КП 1314/5, КП 1316, КП 1318/2 и КП 1319/2, сите КО Кисела Вода 1, во Скопје, како и сите заинтересирани странки, дека на ден 24.01.2022 год. со УП.бр.14-514 е издадено Одобрение за доградба на објект со намена домување во станбена зграда – А2, на КП 1314/5, КП 1316, КП 1318/2 и КП 1319/2, сите КО Кисела Вода 1, ул."Дичо Петров", бр.16, Скопје, ГП 1.10, од втора категорија и заверен е Основен проект за објект Доградба на станбена зграда ул. Дичо Петров бр.16, Кисела Вода, Скопје, со тех. број 61/16 од ноември 2016 година, изработен од Друштво за инженеринг, проектирање и градежништво АКВАДРА ИНЖЕНЕРИНГ ДОО Скопје.

1. Ова решение да го изврши Сектор за урбанизам и просторно планирање, Одделение за Одделение за изводи и одобренија за градење.

2. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување

Изготвил:
Љупка Аламиноска, д.и.а.

Контролирал:
Помошник раководител на Сектор
Голубина Арсовска, д.и.а.

Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода
Сектор за урбанизам и
просторно планирање

тел.: 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk

тел.: 02/2785-420
urbanizam-planiranje@kiselavoda.gov.mk

УП.бр.14-514 од 24.01.2022 год.
СКОПЈЕ

## ЈАВНА ОБЈАВА

Општина Кисела Вода Скопје, Сектор за урбанизам и просторно планирање, Одделение за изводи и одобренија за градење, поради неможност за уредна достава на известувања до непосредни соседи за издавање на Одобрение за доградба на објект со намена домување во станбена зграда – А2 на КП 1314/5, КП 1316, КП 1318/2 и КП 1319/2, сите КО Кисела Вода 1, во Скопје, ГП 1.10, објект од втора категорија, на ул."Дичо Петров", бр.16, Скопје, по Детален урбанистички план Реон Ј Четврт Ј10, Одлука бр. 07 18/11 од 27.05.2014 год., Службен гласник на Општина Кисела Вода бр. 7/2014 год., ги известува сите непосредни соседи - сопственици на катастарски парцели кои граничат со КП 1314/5, КП 1316, КП 1318/2 и КП 1319/2, сите КО Кисела Вода 1, во Скопје, како и сите заинтересирани странки, дека на ден 24.01.2022 година со УП.бр.14-514 е издадено Одобрение за доградба на објект со намена домување во станбена зграда – А2 на КП 1314/5, КП 1316, КП 1318/2 и КП 1319/2, сите КО Кисела Вода 1, во Скопје, ГП 1.10, објект од втора категорија на инвеститорите Атанас Кирилов од Скопје и Миливоје Ѓорѓески од Скопје и заверен е Основен проект за за објект: Доградба на станбена зграда ул. Дичо Петров бр.16, Кисела Вода, Скопје, со техн. број 61/16 од ноември 2016 година, изработен од Друштво за инженеринг, проектирање и градежништво АКВАДРА ИНЖЕНЕРИНГ ДОО Скопје.

Согласно чл. 62-а точка 1 од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" бр.130/09, бр.124/10, бр.18/11, бр.36/11, бр.54/11, бр.13/12, бр.144/12, бр.25/13, бр.79/13, бр.137/13, бр.163/13, бр.27/14, бр.28/14, бр.42/14 бр.115/14, бр.149/14, бр.187/14, бр.44/15, бр.129/15, бр.217/15, бр.226/15, бр.30/16, бр.31/16, бр.39/16, бр.71/16, бр.132/16, бр.35/18, бр.64/18 и 168/18), заинтересираните странки можат да извршат увид во документацијата од управната постапка во барака 3, соба број 4, во Секторот за урбанизам и просторно планирање во Општина Кисела Вода - Скопје и тоа во вторник и четврток од 12-15 часот, во рок од 15 дена

Доколку не се јават или не назначат полномошник ќе сметаме дека е извршена уредна достава и евентуалните негативни последици кои можат да настанат ги сносат самите странки.

ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА СКОПЈЕ

С О Д Р Ж И Н А:

1. Одлука за методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за основните училишта на територија на Општина Кисела Вода за 2022 година;

2. Заклучок за усвојување Годишен извештај за работењето на Комисијата за имплементација на мерките за обезбедување, субвенционирање и поддршка во подобрувањето на енергетската ефикасност во колективните станбени згради за тековната 2021 година;

3. Заклучок за давање согласност на Измените на Годишниот план за вработување за 2022 година на Општина Кисела Вода;

4. Одлука за додаток на плата поради прилагодување кон пазарот на трудот за вработените во Општина Кисела Вода;

5. Одлука за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Кисела Вода за 2022 година бр.09-10907/31 од 30.12.2021 година;

6. Одлука за одобрување средства како еднократна парична помош на Снежана Јовевска;

7. Одлука за одобрување средства како еднократна парична помош на Марија Коцева - Стојчески;

8. Одлука за одобрување средства како еднократна парична помош на Љупчо Андреевски;

9. Предлог – Правилник за критериумите, постапката и износот на средства за доделување на еднократна парична помош;

10. Предлог – Одлука за именување членови на повремена Комисијата за доделување на еднократна парична помош;

11. Одлука за доделување на еднократна парична помош на семејства со новороденчиња на подрачје на Општина Кисела Вода;

12. Одлука за давање Одобрение за користење на зборовите "Кисела Вода" во назив на здружение на граѓани;

13.Заклучок за констатирање на престанок на мандат на член на Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиско работење – Зорица Огненовска на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски сали и спортски објекти ,,Кисела Вода КВ,, Скопје;

14.Одлука за критериумите, постапката и начин за доделување на огревно дрво на семјства од социјално ранливи категории;

15.Одлука за давање на користење, одржување и управување на објектот во нас. Драчево КО Драчево 1 на КП 8238 во општина Кисела Вода на Јавната детска градинка "8-ми Март" на општина Кисела Вода во град Скопје;

16.Одлука за отпочнување со работа и вршење на дејноста на новиот објект „Пеперутка 3" на локација на ул. „ Пристапна улица 1 " во нас. Драчево кој ќе функционира во состав на Јавната детска градинка "8-ми Март" на општина Кисела Вода во град Скопје;

17. Јавна објава уп.бр. 14-514 од 24.01.2022 година;